# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 11 јули 1997
Скопје
Број 33 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**681.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 јули 1997 година.

Број 08-2341
10 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/94 и 62/95), по членот 11 се додава нов член 11-а кој гласи:

„Член 11-а

По исклучок од членовите 3 и 4 на овој закон, исплатата на нето платите до 31 декември 1997 година кај правните лица со седиште во Република Македонија, освен кај правните лица кај кои сите средства се во приватна сопственост, се врши најмногу до нивото на последно исплатената плата заклучно со 9 јули 1997 година“.

Член 2

Во членот 12 став 1 зборовите: „150 до 200 плати ќе се казни за стопански престап“ се заменуваат со зборовите: „10.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок“.

Во ставот 2 зборовите: „стопански престап“ се заменуваат со зборот „прекршок“, а зборовите: „пет до десет плати“ се заменуваат со зборовите: „1.000 до 50.000 денари“.

Во ставот 3 зборовите: „стопански престап“ се заменуваат со зборот „прекршок“, а зборовите: „шест месеци до една година“ се заменуваат со зборовите: „три години“.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**682.**

Врз основа на член 4 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 7/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 јули 1997 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. За народен правобранител се избира

Бранко Наумоски, главен републички управен инспектор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2236/1
3 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**683.**

Врз основа на член 94 став 2 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 48/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 јули 1997 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1. За претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници се именува

Владимир Наумовски, министер без ресор во Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2237/1
3 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**684.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89 и 12/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 40/91 и 14/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 2 јули 1997 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ПРИРОДНО – МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. За членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган